# ХРОНИКА И БЕЛЕШКИ

## IV СЕДНИЦА НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР НА СОЈУЗОТ НА ИСТОРИСКИТЕ ДРУШТВА НА ЈУГОСЛАВИЈА

На 1. март 1968 година во Белград се одржа IV-та седница на Извршниот одбор на историските друштва на Југославија со следниов дневен ред: 1. Усвојување на записникот од III седница на Извршниот одбор. 2. Претстојната работа на Сојузот до V-от конгрес на историчарите на Југославија. 3. Издавачката дејност на Сојузот: а) информации од Редакцијата на Југословенски историски часопис (ЈИЧ); за списанието „Настава по историја" и за „Акта Југославија хисторије" б) именување членови на редакции. 4. Меѓународни врски на Сојузот. 5. Извештај за работата на Сојузот а) завршни сметки за 1966 и 1967 година. 6. Прашања и предлози.

На оваа седница присуствуваа претставници од сите сојузи на историските друштва на републиките, од Војно-историскиот институт како и од друштвата на византолозите и ориенталистите.

Главни прашања за кои се расправаше на седницата, и за кои се зедоа решенија, се однесува на припремите за Конгресот на историчарите на Југославија, што ќе се одржи во првата половина на септември 1969 година во Охрид, потоа за организацијата на раководните тела на Сојузот, за Меѓународниот конгрес на историчарите, што ќе се одржи во Москва 1970 година, и за меѓународните врски и контакти на нашиот Сојуз со друштвата на историчарите од другите земји. На седницата се расправаше и за антијугословенската кампања што се водеше во НР Бугарија во припремниот период за прославата на 90-годишнината од Сан-Стефанскиот договор и ослободувањето на Бугарија од турското ропство. На крајот од Седницата се издаде соопштение по повод на оваа кампања, коешто се објави од ТАНЈУГ.

По прашањето од областа на организацијата на Сојузот и мандатноста на Извршниот одбор, претседателот проф. д-р Божиќ, ги извести присутните дека мандатот на Извршниот одбор истекол во 1967 година и според Статутот на Сојузот треба да се избере друг Извршен одбор. Врз основа на Статутот, Извршниот одбор избира делегати од републичките друштва, но поради немање материјални средства за нивното учество имаше предлог на оваа седница да се изврши нов избор. Со овој предлог не се согласија повеќето делегати, па се усвои следново решение: Досегашниов Извршен одбор да продолжи и понатаму да ја врши својата функција до општото собрание, коешто би се одржало тогаш кога ќе се одржи и Конгресот на историчарите, за да не се предвидуваат посебни средства за неговото свикување. Единствени измени во Извршниот одбор се да се извршат во претседателското и потпретседателското место, а имено за нов претседател да се избере лице од Сојузот на историските друштва на Македонија, бидејќи во Македонија ќе се одржи V-от конгрес, а досега беше пракса претседател на Сојузот да биде лице од онаа република којашто е домаќин на конгресот. Сојузот на историските друштва на Македонија во најскоро време ќе избере претседател и ќе го извести членството за тоа. Досегашниот претседател проф. Божиќ се избра за потпретседател, наместо починатиот проф. Пашалиќ.

За подготовка на конгресот избрани се два одбора: еден за организационата подготовка на Конгресот (исклучиво од историчарите на Македонија, како домаќини на конгресот) и втор за неговата стручна подготовка (избор на теми, работа по секции и сл.). За главна тема на Конгресот се определи „ЕТНИЧКИТЕ И НАЦИОНАЛНИТЕ ПРОЦЕСИ КАЈ ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ НАРОДИ" (во сите републики и во сите историски периоди). Темите од оваа област треба да се пријават до 15 мај 1968 година, а селекцијата на предложените теми да ја извршат републичките историски друштва, а не, како што досега ја вршеше, Сојузот на историските друштва на Југославија.

Пред да започне со работа конгресот, во време од 2 дена, ќе се одржат три симпозиуми: за отпорот против фашизмот во II светска војна, за методологијата на наставата по историја и за архивистиката. Веднаш потоа конгресот би работел 2 дена.

За Меѓународниот конгрес на историчарите што треба да се одржи во 1970 година во Москва, извршени се нужните консултации со националните комитети на земјите учеснички на конгресот, определена е општа тема. Од историчарите на Македонија определена е темата „Великите сили и Балканот". За група сродни реферати на конгресот ќе се изберат 4—5 „експерти", коишто претходно ќе се запознаат со рефератите, и во претпладневната работа на конгресот, главно, тие ќе дискутираат со референтите, а попладне и со останатите учесници на конгресот.

Нашиот Југословенски сојуз на историчарите има планирано соработка со полските историчари, а економските историчари, пријавиле таква активност со повеќе земји. Историското друштво од Германската демократска република поканува еден делегат од Југославија за нивниот конгрес, што ќе се одржи во Лајпциг од 9. до 11. октомври 1968 година. Извршниот одбор реши тој делегат да биде од СР Македонија.

Претставниците на пооделни редакции на списанијата (што погоре ги наведовме) поднесоа извештаи за својата работа. Се констатира, главно, дека недостасуваат средства за издавање на списанијата и дека претплатата за нивне сосема недоволна. Се подвлече потребата и корисноста за наставата по историја од новото списание „НАСТАВА ПО ИСТОРИЈА", од кое досега излегоа од печат два броја и кое носи наслов напишан на четири југословенски јазици (српскохрватски, хрватскосрпски, словенечки и макед.). Преку ова списание наставниците по историја, ширум нашата земја, ќе можат да се запознаат со наставата по историја во одделните наши републики, со проблемите во наставата и со нивното решавање. Се подвлече важноста на ова списание особено за наставниците по историја во училиштата од I и II степен. За ова списание македонските историчари можат да се претплатат кај доц. Војо Кушевски, Филозофски факултет — Скопје.

Се поднесе извештај и за списанието „Акта Југославија хисторие" коешто ќе излегува на странски јазици, и тоа по потреба (не секоја година), на 350 печатени страници и ќе биде наменето главно за странство. За првиот негов број пристигнале доволен број ракописи.

На оваа седница претседателот на историските друштва на СР Србија изрази желба нивното друштво да соработува со Сојузот на историските друштва на Македонија. Нашиот претставник со задоволство го прифати овој предлог и од наша страна ќе се стори се што е можно овие врски (што и порано го имавме со ист. друштва на Нови Сад и Ниш) да продолжат и да се прошират и со друштвата и од другите републики.

На крајот, по исцрпна дискусија, а по повод антијугословенската кампања што се водеше во НР Бугарија околу прославата за ослободувањето на бугарскиот народ од турското ропство, за нашата јавност седницата го издаде следново соопштение:

„На седницата на Извршниот одбор на Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија, што го сочинуваат, покрај избраното претседателство, претставници на сите републички друштва, националните комитети и Војно-историскиот институт, одржана на 1. март оваа година, разгледани се низа актуелни прашања што стојат пред историчарите на Југославија и нивните друштва. Најголемо внимание привлече V-от конгрес на историчарите, што ќе се одржи во септември 1969 година во Охрид. Основната тема на конгресот

ќе биде „Етничките и националните процеси кај југословенските народи”. Во врска со оваа тема ќе бидат поднесени низа реферати и соопштувања со кои ќе се опфатат сите периоди од историјата на нашите народи. За да се изврши подобра подготовка на конгресот, Извршниот одбор реши за нов претседател на Сојузот да се избере некој од редовите на македонските историчари, како домаќини на конгресот.

Извршниот одбор, по барање на претставниците од сите републички историски друштва, го разгледа начинот на кој во Бугарија се прикажува создавањето на бугарската држава и Сан-стефанскиот договор, а посебно учество на бугарските историчари во одбележувањето на 90-годишнината од овие настани. Сите членови на Извршниот одбор на Сојузот, изразија најдлабоко чудење во врска со ненаучното пристапување на бугарските колеги кон ова важно прашање од историјата на Балканскиот Полуостров. Исто така, на оваа седница е изразена загриженост по повод на антијугословенската кампања во бугарската јавност што се води преку сите средства на јавната информација, како и преку научните и стручни публикации, а што може сериозно да ги загрози длабоките стремежи за соработка на народите од Југославија и Бугарија и да внесе елементи на нестабилност во односите на балканските народи. Извршниот одбор на Сојузот се надева дека стремежите за братска соработка меѓу народите на Југославија и Бугарија, почитувајќи ја полната рамноправност на сите народи, набргу ќе надвладее и ќе ги отстрани сите ненаучни обиди од сличен карактер.

На истата седница Извршниот одбор ги разгледа извештаите од редакциите на своите публикации „Југословенски историски часопис”, „Настава по историја” и „Акта хисторика”. Во дискусијата, што беше разноврсна, посебно се подвлечени материјалните тешкотии со кои се судираат редакциите и друштвата на историчарите. Извршниот одбор го прими овој извештај

1. III. 1968
Белград

Извршен одбор на Сојузот
на историчарите на Југославија.

*А. А.*

## НАУЧЕН СОБИР — „ОКТОМВРИСКАТА РЕВОЛУЦИЈА И НАРОДИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА“

### Посветен на 50-годишнината од Великата октомвриска социјалистичка револуција 1917—1967

По случај на овој мошне значаен јубилеј се одржа научен собир во Котор од 24 до 28 октомври 1967 година. Собирот го организира заедницата на институтите за изучување на работничкото движење и Сојузот на комунистите на Југославија.

Котор беше одбран за место на одржување на научниот собир бидејќи, како што е познато, на 1 и 2 февруари 1918 година во Бококоторскиот залив избувна бунт на морнарите од австроунгарската бојна флота, со што всушност и преку овој нстан се одгласи Октомвриската револуција и во нашата земја. Главната организациона работа за овој јубилеј ја изврши Припремниот одбор што го сочинуваа 22 лица-научни работници, меѓу кои имаше претставници од сите наши републики. За овој собир беа испратени над 100 научни реферати и соопштенија. Истите беа умножени и благовремено доставени на сите учесници на собирот. На овој јубилеен научен собир освен тоа што учествуваа научни работници од Југославија, имаше и претставници и од странство (некои од нив со свои реферати), првенствено од социјалистичките земји. (СССР, Полска, Чехословачка, Романија, Бугарија, Унгарија). Свеченото отворање на Собирот се изврши на 24 октомври во 16.30 часот во свечената сала на Домот на културата во Котор. Од странските учесници, при отворањето на научниот собир, присутните ги поздрави советскиот научник Рубин Васиљевиќ. Потоа, во Пленумот беа изнесени 3 реферати и тао: 1. од Др. Олег Мандиќ: Местото на Октомври